МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

MCET

НОЕМВРИ, 2008

РАБОТЕН ДОКУМЕНТ – 03/2008

# ИЗБОРОТ НА МАКЕДОНИЈА[1]

**од м-р Весела Чернева**
**Постар истражувач-аналитичар**
**Шеф на канцеларијата во Софија**
**Европски совет за надворешни односи**

*Весела Чернева му се придружи на Европскиот совет за надворешни односи како постар истражувач-аналитичар во Септември 2008 година. До скоро таа работеше како Програмски директор на Центарот за либерални стратегии во Софија кој координираше со активностите на Меѓународната комисија за Балканот чиј претседавач беше г-от Џулијано Амато (http://www.balkan-commission.org/). Г-ѓа Чернева беше и уредник на Магазинот Foreign Policy-Бугарија од неговото основање во април 2005 година.*

*Претходно во кариерата служела како Политчки офицер во Амбасадата на Бугарија во Вашингтон Д.Ц. (2000-2003), каде била одговорна за билатерланите односи помеѓу САД и Бугарија; политичките, воените и безбедносните прашања вклучувајќи го тука и проширувањето на НАТО; како и комуникација со администрацијата на САД и НВО.*

*Има титула магистер по политички науки од Универзитетот во Бон, а нејзината специјалност вклучува: меѓународна и безбедносна политика; трансатлански односи; регионални студии; проширување на ЕУ; Балкански држави и црноморски регион.*

## РЕЗИМЕ

Овој неуспех да се реши кој има право на името Македонија – државата или грчката провинција – се покажа многу скап за Македонија на меѓународен план. Но статусот кво е погоден и за Премиерот Никола Груевски. Неодамна реизбраниот премиер смета дека ја има поддршката на јавноста за оддолжување на решението. Тој има корист и од обвинувањето на Грција за бавното пристапување во ЕУ на Македонија. Ако Грција може да се обвини за изолацијата на неговата земја, тогаш зошто Атина да не се обвини и за опструкција на и онака бавното темпо на реформата на администрацијата во Македонија, нејзините економски тешкотии (стапката на невработеност, која официјално изнесува околу 34%) и нејзиното лошо досие на странски инвестиции? Изолацијата на Македонија наметната од Грција му олеснува на Груевски да измислува изговори.

1 Текстот на овој работен документ беше најпрвин напишан како независна анализа на авторот за Република Македонија и беше објавен во магазинот European Voice. Авторот за потребите на конференцијата „QUO VADIS, Macedonia?“ дополнително го доработи и измени истиот.

Во својот извештај за напредокот, ЕУ не споменува датум за почеток на преговорите со Македонија и покрај фактот дека таа веќе три години има статус на држава-кандидатка. Неуспехот на ЕУ да продолжи да ја влече Македонија напред на патот на реформите, сепак е резултат на процес кој доведе до утешителен – и прифатлив за сите – статус кво.

Да се биде „Република Македонија“ и да се продолжи децениски долгиот спор со Грција или да се биде „Република Северна Македонија“ и да се отстрани клучната пречка за членство во НАТО и ЕУ? Тоа е прашањето со кое Владата на Македонија беше соочена кога специјалниот пратеник на ООН, Метју Нимиц, предложи компромисно решение за спорот со името кој ООН се обидува да го реши во последните 13 години. Реакцијата на Македонија, објавена од Кабинетот на Претседателот Бранко Црвенковски беше дека „лидерите во Македонија се согласија да не излезат со официјален одговор на последниот предлог спонзориран од ООН“.

Од грчка страна, Министерката за надворешни работи, Дора Бакојани изјави дека „преговорите ќе продолжат додека не се најде решение кое ќе ги задоволи обете држави.“ Со недипломатски речник тоа значи: ниту сега, ниту некогаш.

Овој неуспех да се реши кој има право на името Македонија – државата или грчката провинција – се покажа многу скап за Македонија на меѓународен план. Но статусот кво е погоден и за Премиерот Никола Груевски. Неодамна реизбраниот премиер смета дека ја има поддршката на јавноста за оддолжување на решението. Тој има корист и од обвинувањето на Грција за бавното пристапување во ЕУ на Македонија. Ако Грција може да се обвини за изолацијата на неговата земја, тогаш зошто Атина да не се обвини и за опструкција на и онака бавното темпо на реформата на администрацијата во Македонија, нејзините економски тешкотии (стапката на невработеност, која официјално изнесува околу 34%) и нејзиното лошо досие на странски инвестиции? Изолацијата на Македонија наметната од Грција му олеснува на Груевски да измислува изговори.

И за Грција, статусот кво функционира добро. Решавањето на спорот со името би ја оставило владејачката конзервативна партија Неа Демократија без загарантирани избирачи во северна Македонија во пресрет на парламентарните избори за ЕУ во 2009 година, додека главната опзициска партија, социјалистичкиот ПАСОК, би била лишена од шансата за решавање на спорот (лидерот на ПАСОК, Јоргос Папандреу, исто така би требало да одговара на прашањата за неговиот неуспех во решавањето на прашањето кога тој беше Министер за надворешни работи).

*Европскиот совет за надворешни односи е пан-европски тинк-тенк и лоби група, која е копретседавана од Марти Ахтисари, поранешниот фински претседател и нобеловец, Јошка Фишер, поранешниот германски министер за надворешни односи и Мејбл ван Оранје, Извршен директор на TheElders.org.*

*Организацијата беше основана во октомври 2007 за да промовира интегрирана европска надворешна политика и да поддржува заеднички европски интереси и вредности.*

*Советот на организацијата го сочинуваат повеќе од сто истакнати европејци, државници, бизнисмени, лекари, научници, новинари и интелектуалци.*

*Со канцеларии во пет главни градови на ЕУ тој претставуа собиралиште на најпросперитетните членови на општеството кои работат на успешното надминување на предизвиците на Европската унија.*

*Советот работи и соработува и со други институции и индивидуалци, но не се јавува како донатор.*

*Во првата година од неговата работа советот објави четири истражувања, шест брифови за јавна политика, а неговите аналитичари беа вклучени во лобирање со институциите на ЕУ и владите на државите членки, а придонесоа и за развој на дијалогот.*

*Аналитичарите на советот имаат објавено повеќе текстови и анализи, а поттикнале и објавување на 400 текстови и вести во водечките медиуми, меѓу кои и “Financial Times” и “The Economist”.*

Се чини дека и ЕУ е задоволна со статусот кво. Таа јасно се соочува со предизвиците: фактот дека Грција ја блокира интеграцијата на Македонија во НАТО и ЕУ во клучен момент за регионот кажува многу за Грција и покажува дека европските партнери на Грција имаат ограничено влијание врз Атина. Сепак ЕУ не покажа подготвеност да интервенира (а за ова посебна одговорност имаат некои од нејзините најголеми и најстари членки, како што е Франција). Оставајќи го преговарачот на ООН и дипломатите на САД да посредуваат меѓу држава-членка на ЕУ и држава-кандидатка не и дава предност на ЕУ во регионот. Напротив, тоа го зацементира впечатокот меѓу државите-кандидатки дека Европјаните во суштина не се толку серизони за ветувањето што го дадоа во Солун во 2003 година, дека вратите на ЕУ се отворени за земјите од југоисточниот дел на континентот.

Без големи изгледи за членство, македонското лидерство сфати дека стапувањето во поблиски односи со Брисел само ќе го изложи на построг надзор – и на Груевски нема да му донесе гласови. Токму затоа тој се задоволи со цел која полесно се остварува и е повидлива за јавноста: либерализација на визниот режим. Во меѓувреме, од самитот во Букурешт на кој барањето на Македонија за членство во НАТО беше спречено, странските дипломати во Скопје открија дека нивните совети сè повеќе се игнорираат и дека реформите поврзани со ЕУ стојат во место на дното на владината агенда.

Ова е симптоматично за поширокиот проблем на периферијата на Европа, од државите на Балканот и преку она што ЕУ го нарекува свое соседство – модерно е да се биде самодоволен и изолирач, а за политичките лидери да ја уживаат власта во стил кој наликува на лидерството на Тито, оставајќи ги државите во сивата зона меѓу Западот и Истокот. Нивната политичка цел е да ги максимизираат гласовите, без оглед на долгорочните последици за нивните држави. За овие лидери, интеграцијата во Европската унија е далеку од нивна стратегиска опција – а тоа е повидливо откако интеграцијата - за сега – за Брисел не претставува опција.

Зошто Западот би се грижел ако во овие региони сега нема големи кризи? Западот требаше да научи од искуствата во последните месеци дека замрзнатите спорови – како и замрзнатите конфликти – лесно можат да избувнат, па дури и да експлодираат. За грузискиот Микаил Саакашвили, војната и мирот се чини дека не се работа на живот и смрт, туку оружје во неговиот политички арсенал. Груевски можеби не е способен или подготвен да го користи истото оружје, но и тој покажува тенденција на запаливост. За ЕУ, прашањето е дали да се биде спокоен и да се прифати ризичниот статус кво, или да се прифати нелагодноста и да се намалат ваквите ризици.

**Поддржано од:**

*МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ*

*„Коле Неделковски“ 12а-1; 1000 Скопје*
*Телефон/Факс:*
*02/3217512; 02/3217513*

*Е-пошта:*
*mcet@mcet.org.mk*
*Web:*
*www.mcet.org.mk*